# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ЗА СИТЕ



Живка Панова Саздова
Марија Давчевска

This project was funded through a U.S. Embassy grant, supported by Dig-Ed. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government and Dig-Ed.

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/ авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Основни информации за проектот

- Проектот „Медиумска писменост за сите“, поддржан од Амбасадата на САД и ДИГ- ЕД се реализираше на територија на општина Велес во периодот од 11.01.2023 до 06.30.2024 година.
- Во проект беа ангажирани двајца специјални едукатори и рехабилитатори кои учествуваа на TechCamp во Охрид, 2023 година и се стекнаа знаења од областа на медиумската писменост. Истите извршија едукација на 38 наставници и 3ца специјалните едукатори и рехабилитатори од четири основни училишта во Велес.
- На работилниците учествуваа раководители на одделенија кои во својата паралелка имаат ученици со попреченост и наставници по информатика.

## Основни информации за проектот

- Се искреира веб-страна: „Медиумска писменост за сите“.
- Овој проект направи разлика преку подобрување на медиумската писменост кај сите ученици, особено кај учениците со попреченост.

## Цели на проектот

- Да се подобри квалитетот на образованието кај инклузираните ученици преку прилагодување на содржините од медумска писменост.
- Да се подобрат компетенциите на наставниците за успешно воведување на медиумската писменост во наставата. Ова вклучува разбирање на медиумските техники и  стратегии, значењето на игрите, како и развој на критичко мислење во однос на медиумите и медиумската писменост.
- Креирање на различни образовни ресурси како игри, вежби и материјали кои се однесуваат на медиумската писменост и да се користат во наставата со инклузирани ученици.
- Да се подготват и адаптираат ресурси на различни нивоа на знаење, според способностите и можностите на секое дете со попреченост и неговите потреби.
- Да се направи наставата да биде поинтерактивна и забавна, а сето тоа  да влијае позитивно на мотивацијата и учењето на инклузираните ученици.

# Активности

1. Специјализирана/адаптирана обука за 38 наставници од одделенска и предметна настава кои во своите паралелки имаат инклузирано ученик со попреченост и 3 специјални едукатори и рехабилитатори

- Во тек на првиот месец двајцата специјални едукатори оставарија контакти со четирите основи училишта во Велес, договорија време за реализација на работилниците. Се подготвија материјали за реализација на работилниците кои содржеа теортски и практичен дел. За време на работилниците се дадоа насоки за изработка на игри и ресурси за медиумска писменост за ученици со попреченост и како истите да ги достават го менторите.

## Активности

2. Создавање на база на образовни ресурси од областа на медиумската писменост за ученици со попреченост

- Обучените наставници работеа под менторство на специјалните едукатори за да создадат или адаптираат образовни ресурси и алатки од областа на медиумската писменост кои ќе ги задоволат потребите на учениците со ПОП.
- Овие ресурси вклучуваат образовни материјали, игри, методи и техники кои ќе им помогнат на учениците со ПОП да постигнат поголем успех во учењето и во областа на медиумска писменост. Сите изработени ресурси се доставија согласно дадените насоки, а по проверката од страна на сперцијалните едукатори – ментори, истите се поставија на веб страната наменета за оваа цел.

## Активности

3. Развој на адаптирани алатки и ресурси за ученици со ПОП од обучените наставници и специјални едукатори под менторство на специјални едукатори - ментори, како и имплементација на нови алатки и ресурси во наставата

- Оваа фаза вклучи интегрирање на новите алатки и ресурси во наставата со сите ученици, особено со инклузираните ученици бидејќи и тие имаат рамноправен пристап во областа на медиумска писменост во образованието. Сето ова се одвива под супервизија на менторите од проектот.

## Активности

4. Крирање и ажурирање на веб страна со новосоздадени алатки и ресурси за медиумска писменост

- Стручно лице изработи веб страна „Медумска писменост за сите“.
- Алатките кои обучените наставници од основните училишта ги создадоа се визуелни алатки со соодветна содржина од областа на медиумската писменост.

## Позитивна приакзна 1

- Една приказна е за ученичка со попреченост вклучена во четврто одделение, но таа често се чувствувала изолирана од своите врсници. Со проектот Медиумска писменост за сите, од интервјуто со нејзиниот наставник дознаваме дека нејзината училница станала поинклузивна и поприфатлива. Наставникот користи различни техники и алатки за да ги ангажира сите ученици, без разлика на нивните способности.

„Ученичката почна повеќе да учествува во активностите и се чувствуваше како дел од групата. Нејзините врсници, исто така, станаа посвесни за важноста на вклученоста и почнаа да го поддржуваат и охрабруваат својот пријател во сите училишни активности.“

## Позитивна приаказна 2

- Другата приказна е од интервју со родител за трансформацијата на нивното дете користејќи ги алатките и ресурсите од проектот. Родителот изјави дека кога проектот за медиумска писменост бил воведен во училиштето, нејзиното дете добило пристап до различни алатки и ресурси кои значително го подобриле нејзиното разбирање за медиумите. Мајката подетално се заинтересирала за соржините од медиумска писменост што учи нејзиното дете. Заедно почнале да користат некои од алатките  и со тоа уште повеќе го зголемиле нејзиниот интерес за учење и истражување. Таа верува дека овие вештини не само што ќе и помогнат во образованието, туку и ќе ја подготват за предизвиците на дигиталниот свет. Мајката се надева дека ќе продолжат инвестициите во вакви проекти, бидејќи гледа колку се важни за развојот на децата.

# Резултати

- Обучени наставници и специјални едукатори и рехабилитатори да пренесуваат знаење и да го поддржуваат развојот на медиумската писменост и кај учениците со попреченост, се со цел тие знаења да се применуваат и во секојдневниот живот и учење.
- Искреирани образовни ресурси и алатки за медиумска писменост со цел да се подобрат знаењата и способностите на учениците и да ги поддржи наставниците и едукаторите во примената на оваа тема во текот на часовите.
- Искреирана веб-страница "Медиумска писменост за сите" со можност за пристап до ресурси и информации поврзани со медиумската писменост

# Идни планови и одржливост

- Се планира да се воспоставаат партнерства со други училишта во регионот за да го споделиме нашето искуство и да ги поттикнеме да го усвојат проектот за медиумска писменост.
- Ова ќе опфати организирање работилници и презентации за наставниците од овие училишта, каде што ќе развиеме програма за обука на наставници која ќе вклучува модули за медиумска писменост, користење на дигитални алатки и ресурси и инклузивни методи на настава. Ќе обезбедиме континуирана обука за професионален развој.

# Идни планови и одржливост

- На креираната веб-страна ќе продолжат да се споделуваат материјалите, ресурсите и искуствата од проектот и истата ќе биде достапна за сите заинтересирани училишта и образовни институции, со цел да се олесни ширењето на најдобрите практики.

## Идни планови и одржливост

- Со цел да соберат поголем број на повратни информации и предлози за подобрување на проектот, ќе спроведуваме анкети со учениците, наставниците и родителите.
- Во делот за надградба на проектот планираме да ги прошириме темите, ќе го прошириме опсегот на проектот за да вклучи нови теми и аспекти на медиумската писменост, како што се дезинформации, сајбер безбедност и етичка употреба на дигиталните медиуми кај учениците со попреченост вклучени во редовни училишта.

# Идни планови и одржливост

- Проектот има голем потенцијал да се зголеми или да се реплицира на друго место во нашата земја и регионот.
- Неколку начини на кои планираме да го постигнеме тоа:

- Да создадеме мрежа од училишта кои ќе го споделуваат и спроведуваат проектот, со редовни состаноци и работилници за размена на искуства и најдобри практики.
- Соработка со локалните и националните образовни власти за да се осигура дека проектот е поддржан и промовиран на пошироко ниво.
- Ќе организираме медиумска кампања за да ја подигнеме свеста за важноста на медиумската писменост и да го промовираме проектот.

# Идни планови и одржливост

Идентификувавме и дополнителни можности за финансирање

- Грантови и донации
- Партнерства со приватни компании
- Кампањи за прибирање средства

## Идни планови и одржливост

- Ќе започнеме со проширување на проектот и в други училишта и образовни институции в регионот.
- Ќе спроведеме детална анализа и евалуација н влијанието на проектот врз учениците наставниците, за да ги идентификуваме силните слабите страни.
- Ќе продолжиме да ги ажурираме и подобрувам ресурсите и алатките на проектот, со цел да задржиме релевантни и ефективни.
- Ќе продолжиме да ги обучуваме и менторирам наставниците за најновите техники и алатки з медиумска писменост, обезбедувајќи постојан поддршка и професионален развој.

Со овие конкретни планови, веруваме дека н можеме да го одржиме и прошириме успехот н проектот за медиумска писменост, обезбедувајќ долгорочни придобивки за сите ученици, особено з учениците со попреченост, наставниците заедницата.

## Моменти од проектот

Прва работилница

Проектот беше отворен со средба на која присуствуваа директорите на училиштата кои беа вклучени во овој проект. Ова отворање им го привлече вниманието и беше одличен почеток за иницијативата.

Се одржа првата работилница за медиумска писменост со активно учество на учесниците. Нивниот ентузијазам и вклученост беа инспиративни и ги поставија темелите за идните проектни активности.



# Моменти од проектот

Втора работилница

Фокусот беше ставен на инклузијата. Разговаравме за многу активности и игри кои може да се прилагодат за учениците со посебни потреби, за да може секој да учествува и да се чувствува вклучен.



## Моменти од проектот

### Трета работилница

На третата работилница сите учесници беа охрабрени да креираат своја медиумска содржина. Ова ги поттикна да ја применат својата креативност и научените знаења за медиумска писменост на практичен начин.



# Моменти од проектот

## Четврта работилница

На четвртата работилница речиси сите учесници се изјаснија дека е неопходно да има поголем број вакви проекти и активности каде што ќе можат да се вклучат сите ученици, особено учениците со попреченост.



# Моменти од проектот

Ги истакнуваме позитивните повратни информации од родителите како моменти на гордост. Родителите изразија голема благодарност за позитивното влијание на проектот врз нивните деца, особено истакнувајќи ја подобрената самодоверба и способноста за критичко размислување.

Добивме признание и од локалната заедница.

Таа ја призна нашата работа и ќе не поддржи со дополнителни ресурси, кои ветија дека ќе помогнат во понатамошниот развој на проектот.

# Моменти од проектот

Овие дополнителни информации и моменти, го покажуваат широкото влијание и успехот на проектот „Медиумска писменост за сите“.

Со продолжување на нашите напори веруваме дека можеме да постигнеме уште поголеми резултати и да го прошириме проектот на национално ниво.

# ЗАКЛУЧОК

Со овој проект е направен првиот чекор кон приближување на содржините од медиумска писменост за инклузираните ученици со попреченост, од една страна, а од друга страна ги поттикнавме и охрабривме наставниците да размислуваат и делуваат на еден поинаков инклузивен, креативен начин, достапен и разбилив за сите ученици од паралелката.

ВИ БЛАГОДАРАМЕ !